**20160421107**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 122 став (3), 124 став (2), 125 став (3), 126 став (6) и 127 став (5) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОБИВАЊЕ НА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

Член 1

Во Правилникот за постапката за добивање на Б - интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/14) членот 9 се менува и гласи:

„(1) Надлежниот орган од член 2 ставови (2) и (3) од овој правилник, пред донесување на решението за издавање на Б - интегрирана еколошка дозвола, врши увид во инсталацијата.

(2) За извршениот увид надлежниот орган од член 2 ставови (2) и (3) од овој правилник составува записник, со кој се констатира фактичката состојба во однос на исполнетоста на барањата утврдени во Б – интегрирана еколошка дозвола.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13 – 768/1
29 јануари 2016 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Нурхан Изаири**, с.р.